SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

Систасис Посебни изданија / Systasis Special Editions 6
ISSN 3142-6395

БИБЛИОГРАФИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ И ДИПЛОМИРАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА КЛАСИЧНИ СТУДИИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Составиле:
В. Софрониевски
В. Димовска-Јањатова
С. Кочовска-Стевовиќ

BIBLIOGRAPHY OF THE EMPLOYEES AND GRADUATES OF THE INSTITUTE OF CLASSICAL STUDIES OF THE FACULTY OF PHILOSOPHY AT THE SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE

Compiled by:
V. Sofronievski
V. Dimovska-Janjatova
S. Kočovska-Stevoviќ

Систасис, посебно издание 6
Скопје, 2026

Systasis Special Edition 6
Skopje, 2026

Библиографија на вработените и дипломираните на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, второ издание

Bibliography of the employees and graduates of the Institute of Classical Studies of the Faculty of Philosophy at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, second edition

Прво издание: Филозофски факултет, УКИМ – Скопје, 2016 / First edition: Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University – Skopje, 2016

Издавач: / Publisher:
Здружение на класични филолози „Антика“ / Association of Classsical Philologists "Antika"

Главен и одговорен уредник: / Editor-in-chief:
Елена Џукеска / Elena Džukeska

Превод на англиски: / English translation:
Ивана Пушевска-Илковска / Ivana Puševska-Ilkovska

Лектура: / Macedonian language proofreading:
Наталија Андријевска / Natalija Andrijevska

ПРЕДГОВОР КОН ПРВОТО ИЗДАНИЕ (70 ГОДИНИ ИКС)

Годишнините и јубилеите на институциите вообичаено се повод за сумирање на постигнувањата и за рекапитулација на остварените резултати. Повод за изготвување на оваа библиографија е одбележувањето на седумдесетгодишнината од основањето на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а мотив е потребата и желбата да се соберат на едно место публикуваните трудови на класичните филолози што работеле или во моментов работат на овој Институт, како и на оние што своето образование го стекнале на него во текот на неговото седумдецениско постоење. Веруваме дека на овој начин ќе се овозможи увид во областите, темите и поединечните прашања со кои многубројни генерации класични филолози од Македонија се занимавале и со кои дале свој значаен придонес во развојот на научната мисла, на стручната практика и на образовниот систем. Се надеваме дека овој преглед ќе претставува еден вид признание за нив, но истовремено ќе биде и прирачник од голема полза за идните генерации студенти, постдипломци, докторанди и научни работници од областа на класичната филологија и од сродните научни области и дисциплини.

Како извори за прибирање на библиографските податоци беа користени повеќе различни библиотечни фондови, електронски бази на податоци и системи, интернет-страници, претходно објавени поединечни библиографии, како и лични податоци од некои од авторите застапени во библиографијата. Во селектираните над 1500 библиографски единици, публикувани во земјата и во странство, се застапени монографии, научни и стручни статии објавени во зборници на трудови или списанија, речници, одредници во енциклопедии, училишни и универзитетски учебници и учебни помагала, преводи и препеви на дела од старогрчки и латински на македонски или од македонски на латински јазик, предговори и поговори, како и некои популарни написи во печатот афирмативни за класичната филологија. Во библиографијата не се опфатени прикази, интервјуа во печатените и електронските медиуми, сценарија и режија на претстави и емисии, стручна редакција на преводи и други трудови, учества во уредувачки и организациски одбори. Приоритет беше претставувањето на оригинални, авторски, научни и стручни дела, објавени во печатен или електронски облик, што ќе го сочинуваат основниот корпус, кој во иднина ќе може да се дополнува и надградува со други единици, индекси или регистри. Трудовите застапени во библиографијата припаѓаат на областа на класичната филологија во поширока смисла на зборот, а неретко засегаат и третираат и теми од некои гранични и сродни дисциплини.

Тие се главно од областа на лингвистиката, теоријата и историјата на литературата, микенологијата, археологијата, историјата, епиграфијата, палеографијата, дидактиката, митологијата, херменевтиката, музиката, а се разбира, голем дел од нив се интердисциплинарни.

Библиографијата е организирана според годината на објавување на трудовите (почнувајќи од 1934, завршувајќи со октомври во тековната 2016), а во рамките на секоја година, единиците се подредени по азбучен ред (вклучително и абецедните и алфабетните единици) според првата буква од презимето на авторот. Трудовите што претставуваат коавторски дела се наведени кај секој од авторите со забелешка во аглести загради за другиот коавтор или повеќе коавтори. Насловите на зборниците, годишниците и енциклопедиите што во иста година се среќаваат кај двајца или повеќе автори се наведени со скратеници. Имињата на списанијата и на другите периодични изданија што се јавуваат повеќепати, во различни години и кај повеќемина автори, исто така се наведени со скратеници. Скратениците се дадени и објаснети на самиот почеток на оваа библиографија, поделени според писмото со кое се печатени изданијата или е именувана институцијата (кирилични, латинични и алфабетни). На крајот има и четири индекси на трудови, според содржината, односно според видот на трудот: стручни монографии, брошури и речници; учебници и учебни помагала; предговори и поговори; и преводи и препеви.

Библиографијата на трудовите на вработените и дипломираните класични филолози на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје, составена без претензии да биде сеопфатна и совршено комплетна, сепак сведочи за плодна научноистражувачка и стручно-апликативна дејност и продукција, а особено радува забележителната тенденција бројот на објавени трудови и застапени автори да расте од година во година. Оваа прогресија го отсликува создавањето и опстојувањето на една препознатлива и етаблирана школа, што веруваме дека било амбиција на основачите на некогашната Катедра за класична филологија и на Филозофскиот факултет како дел од јадрото од кое настанал и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

В. Димовска-Јањатова

ПРЕДГОВОР КОН ВТОРОТО ИЗДАНИЕ (80 ГОДИНИ ИКС)

Застанати пред прагот на нов јубилеј – осумдесет години од основањето и непрекинатата дејност на Институтот за класични студии – потребата од ново, дополнето и проширно издание на библиографијата, подготвена по повод седумдесетгодишнината од неговото постоење, се наметна како нешто сосем природно и нужно, продолжување на веќе востановената традиција – систематски да се прибираат и на едно место да се евидентираат објавените трудови на класичните филолози што работат или работеле на Институтот, како и на оние што своето образование го здобиле на него во текот на неговото, сега веќе осумдениско постоење. На тој начин библиографијата не претставува само регистар на научната продукција туку и своевидно сведоштво за траењето, развојот и интелектуалниот континуитет на институтската заедница низ генерациите.

Одмерувањето на едно десетлетие во работната дејност на една академска институција е, секако, релативно и, гледано во временски рамки, во голем степен зависно од должината на нејзиното постоење: колку е институцијата постара, толку овој отсек од една деценија изгледа покус, и обратно. Во случајот на Институтот за класични студии, изминатите десет години претставуваат една осмина од неговото досегашно постоење што, во дадената корелација, не е ниту особено долг ниту занемарливо краток период, но неговата вистинска гравитас не може да се согледа само преку овој аритметички сооднос. За да се оцени соодветно научната продукција на академското семејство од овој Институт во ова десетлетие, неопходно е таа да се постави во конкретниот историски, општествен и културен контекст во кој настанувала. Гледано од таа перспектива, деценијата што ја опфаќа ова библиографско дополнување се издвојува како особено бележита, бидејќи беше обележана со низа крупни промени – некои непосредно поврзани со самиот Институт, други со пошироките процеси што го засегнаа Универзитетот и општеството, а трети со преобразби од глобални размери.

Во потесната институционална рамка, овој период го одбележаа пензионирањето на дел од наставниот кадар и ненавременото надополнување со нови наставници, како и драстичното намалување на бројот на студенти. Последново не може да се сведе на една единствена причина, туку треба да се согледува како последица од сплет на локални околности и поширок современи социоекономски, културни и демографски процеси, со кои денес се соочуваат и многу други хуманистички дисциплини. Во такви услови, значителен дел од наставната, научната и организациската енергија на Институтот неминовно беше насочен и кон напорите за зачувување и повторно потврдување на неговото место, значење и улога во универзитетскиот и во поширокиот образовно-културен простор на државата.

Истовремено, светот се соочи со кризата предизвикана од пандемијата, која во кус временски период суштински ги измени начините на комуникација, организацијата на

наставата, научната соработка и реализацијата на бројни академски активности и проекти. Промените што тогаш беа наметнати како нужност во многу нешта станаа трајни, отворајќи нови прашања за природата на универзитетското образование, за непосредниот контакт меѓу наставникот и студентот, за начините на пренесување на знаењето и, пошироко, за вредностите врз кои се темели академската заедница.

Кон ова се надоврзаа и крупните политички поместувања и новите поделби во светот, чии најдраматични појави се воените конфликти што, иако географски ограничени, по своите политички, економски, културни и општествени последици го засегаат светот во целина. Во таква атмосфера, прашањата за културната меморија, историското искуство, човековите вредности и за односот кон наследството добиваат нова тежина, а со тоа и хуманистичките науки, меѓу нив и класичната филологија, повторно се соочуваат со потребата да ја образложат и потврдат својата смисла во современиот свет.

Конечно, последните години од ова десетлетие се совпаднаа и со забрзаниот развој и широката примена на вештачката интелигенција – појава чии последици сè уште не можат целосно да се согледаат, но која веќе длабоко ги менува начините на создавање, пренесување и користење на знаењето. Таа отвора суштински прашања за природата на образованието и научната работа, за авторството и интелектуалниот труд, за односот меѓу знаењето и информацијата, но и за самата улога на човекот во процесите што доскоро беа сметани за исклучиво човечки. Особено во хуманистичките науки, овие промени нè принудуваат одново да размислуваме за вредноста на долгогодишното образование, внимателното читање, критичкото мислење, толкувањето и непосредната работа со изворите – дејности што се наоѓаат во самата основа на класичните студии. Токму затоа библиографскиот биланс на ова десетлетие не треба да се гледа само како статистички додаток кон претходното издание. Трудовите собрани во него се сведоштво за научна дејност остварувана во време на крупни институционални, општествени и цивилизациски промени. Нивниот обем и разновидност добиваат дополнително значење ако се имаат предвид околностите во кои се создавале. Оттука, ова издание од една страна претставува продолжение на една библиографска традиција, но од друга и пресек на едно особено динамично десетлетие и сведоштво за настојувањето на Институтот за класични студии и на неговата поширока академска заедница да го одржат континуитетот на својата научна и образовна мисија во свет што забрзано се менува.

В. Софрониевски

FOREWORD TO THE FIRST EDITION (70 YEARS ICS)

The anniversaries and jubilees of institutions are usually seen as an occasion to summarize achievements and to recapitulate achieved results. This bibliography was prepared on the occasion of the 70th anniversary of the establishment of the Institute of Classical Studies as part of the Faculty of Philosophy at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, while the motive force behind it was the need and desire to gather into one place all the published papers by classical philologists who are currently working or have worked at this Institute, along with all those who have received their education here over its seven decades of existence. It is our belief that this will provide insight into the domains, themes and individual issues tackled by copious generations of classical philologists in Macedonia and which allowed them to make significant contribution to the development of the scientific thought, professional practice and the educational system. We hope this review will offer a certain kind of acknowledgement of their contribution, but that it will also be a highly useful guidebook for future generations of undergraduates, postgraduates and doctoral students as well as scholars of classical philology and adjacent scientific fields and disciplines.

The sources used to compile the bibliographic data en-compass library funds, electronic databases and systems, web-sites, previously published individual bibliographies, in addition to personal data of certain authors represented in the biblio-graphy. These over 1500 selected bibliographic units, published in the country and abroad, are comprised of monographs, scholarly and professional articles published in proceedings or journals, dictionaries, encyclopedia entries, school and univer-sity textbooks and learning materials, prose and verse translations of works from Ancient Greek and Latin into Macedonian or from Macedonian into Latin, forewords and afterwords, as well as certain popular press articles promoting classical philology. The bibliography does not include reviews, interviews from print or electronic media, scripts and stage direction of stage plays and teleplays, editing of translations and other works, participation in editorial and organizational committees. Priority was given to original, copyrighted, scholarly and professional papers, published in print or electronically, and these constitute the main corpus of the bibliography, which can then be built upon and enlarged with other units, indices or registers. Papers represented in the bibliography belong to the field of classical philology in the wider sense of the word, and frequently venture into and tackle topics from certain affiliated and related disciplines. These mainly include linguistics, theory and history of literature, mycenaeology, archaeology, history, epigraphy, paleography, didactics, mythology, hermeneutics, music, and, understandably, a large number comes from interdisciplinary fields.

The publications in the bibliography are organized according to year of publication (starting from 1934, ending with October of this year 2016), while entries within each year

are arranged in alphabetical order (including entries in Latin and Greek alphabet) by first letter of the author's surname. Co-authored works are listed for each of the authors separately along with a note for the other or several other co-authors en-closed in angle brackets. Titles of proceedings, annuals and encyclopedias found within the same year for two or more authors are listed as abbreviations. Titles of journals and other periodicals appearing in multiple entries, within different years and next to several different authors are also listed as abbreviations. The abbreviations are provided and explained at the very beginning of this bibliography and are divided based on the script the editions were printed in or used in the institution's name (Cyrillic, Latin or Greek). At the end of the bibliography there are four indices, according to the contents, i.e., type of publication: specialized monographs, brochures and dictionaries; textbooks and learning materials; forewords and afterwords; prose and verse translations.

The bibliography of publications of the employees and graduates of classical philology at the Institute of Classical Stu-dies at the Faculty of Philosophy in Skopje, compiled without any pretension of being fully comprehensive and perfectly complete, is nevertheless a testament to the prolific scientific research as well as applied professional activity and output, where the striking tendency of the number of published papers and represented authors to grow yearly is especially pleasing. This progression reflects the creation and perseverance of a dis-cernible and reputable school, which we believe was the ambition of the founders of the former Department of Classical Philosophy and the Faculty of Philosophy as part of the core from whence the Ss. Cyril and Methodius University has also come into being.

V. Dimovska-Janjatova

FOREWORD TO THE SECOND EDITION (80 YEARS ICS)

Standing at the threshold of a new jubilee – the eightieth anniversary of the founding and continuous activity of the Institute of Classical Studies – the need for a new, supplemented and expanded edition of the bibliography prepared on the occasion of the Institute's seventieth anniversary presented itself as something entirely natural and necessary: a continuation of an already established tradition of systematically collecting and recording in one place the published works of classical philo-logists who are or have been affiliated with the Institute, as well as those who received their education there during what is now its eight-decade-long existence. In this way, the bibliography is not merely a record of scholarly output, but also a testimony of sorts to the endurance, development, and intellectual continuity of the Institute's community across generations.

Any assessment of a decade in the working life of an academic institution is, of course, relative and, viewed in temporal terms, depends to a considerable extent on the length of the institution's existence: the older the institution, the shorter such a ten-year interval appears, and vice versa. In the case of the Institute of Classical Studies, the past ten years constitute one eighth of its existence to date – a period which, in this proportion, is neither particularly long nor negligibly short. Yet its true gravitas cannot be apprehended solely through this arithmetical ratio. In order properly to assess the scholarly output of the Institute's academic community during this decade, it must be situated within the particular historical, social, and cultural context in which it was produced. Seen from this perspective, the decade covered by the present bibliographical supplement stands out as particularly significant, having been marked by a series of major changes – some directly related to the Institute itself, others arising from broader processes affecting the university and society, and still others stemming from transformations on a global scale.

Within the narrower institutional context, this period was marked by the retirement of part of the teaching staff and the failure to replenish its ranks in a timely manner, as well as by a dramatic decline in student numbers. The latter cannot be reduced to any single cause; rather, it should be understood as the consequence of a combination of local circumstances and wider contemporary socioeconomic, cultural, and demographic processes, challenges that many other disciplines in the humanities likewise face today. Under such conditions, a considerable part of the Institute's teaching, scholarly, and organisational energies was inevitably directed towards efforts to preserve and reaffirm its place, importance, and role within the university and within the country's broader educational and cultural landscape.

At the same time, the world was confronted with the crisis brought about by the pandemic, which within a short span of time profoundly altered modes of communication, the organisation of teaching, scholarly collaboration, and the implementation of numerous academic activities and projects. Many of the changes initially imposed by necessity

subsequently acquired a lasting character, raising new questions concerning the nature of university education, direct interaction between teacher and student, the modes by which knowledge is transmitted and, more broadly, the values upon which the academic community is founded.

These developments were compounded by major political shifts and new divisions across the world, whose most dramatic manifestations have been armed conflicts which, although geographically confined, affect the world as a whole through their political, economic, cultural, and social repercussions. In such an atmosphere, questions of cultural memory, historical experience, human values, and our relationship to cultural heritage acquire renewed weight; consequently, the humanities, including classical philology, once again find themselves called upon to articulate and reaffirm their relevance in the contemporary world.

Finally, the closing years of this decade also coincided with the rapid development and widespread adoption of artificial intelligence – a phenomenon whose consequences cannot yet be fully comprehended, but which is already profoundly transforming the ways in which knowledge is created, transmitted, and used. It raises fundamental questions about the nature of education and scholarly work, authorship and intellectual labour, the relationship between knowledge and information, and indeed the role of human beings themselves in processes that until very recently were regarded as exclusively human. In the humanities in particular, these changes compel us to reconsider the value of sustained education, close reading, critical thought, interpretation, and direct engagement with primary sources – activities that lie at the very heart of Classical Studies.

For precisely this reason, the bibliographical record of this decade should not be viewed merely as a statistical supplement to the previous edition. The works gathered here bear witness to scholarly activity undertaken at a time of profound institutional, social, and civilisational change. Their scope and diversity acquire additional significance when considered in the light of the circumstances in which they were produced. Thus, on the one hand, the present edition represents a continuation of an established bibliographical tradition; on the other, it offers a cross-section of an exceptionally dynamic decade and stands as testimony to the efforts of the Institute of Classical Studies and its wider academic community to sustain the continuity of their scholarly and educational mission in a rapidly changing world.

V. Sofronievski

СКРАТЕНИЦИ

Кирилични скратеници

70 години Институт за историја	70 години Институт за историја, 70 години македонска историографија: Зборник на трудови од Меѓународната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 година во Скопје.
Антиката	Антиката и европската наука и култура: Прилози од Научниот собир одржан по повод јубилејот 60 години Институт за класични студии. Ред. В. Софрониевски и др. Скопје. 2009.
Балканославика/ Balcanoslavica	Балканославика. Институт за старословенска култура. Прилеп.
Бдење	Бдење. Часопис за књижевност, уметност и културну баштину. Сврљиг – Књажевац.
Билтен	Билтен на Македонската академија на науките и уметностите. Скопје.
Вардар	Вардар. Независан привредно-културни дневник. Скопље: Бановинска задужбина „Немања“. Службени лист Вардарске бановине.
Весник	Весник. Службен лист на МПЦ. Скопје.
ВиСлЧтII	Византијско-словенска чтенија II. Зборник радова са Међународне научне конференције, одржане 24. новембра 2018. године на Универзитету у Нишу.
ВиСлЧтIII	Византијско-словенска чтенија III. Зборник радова са Међународне научне конференције, одржане 23. новембра 2019. године на Универзитету у Нишу.
ВиСлЧтIV	Византијско-словенска чтенија IV. Зборник радова са Међународне научне конференције, одржане 14. новембра 2020. године на Универзитету у Нишу.

ВиСлЧтVI	Византијско-словенска чтенија VI. Зборник радова са Међународне научне конференције, одржане 26. новембра 2022. године на Универзитету у Нишу.
ВиСлЧтVII	Византијско-словенска чтенија VII. Зборник радова са Међународне научне конференције, одржане 24. новембра 2023. године на Универ-зитету у Нишу.
Вистина	Вистина. Гласник на Преспанско-пелагониската епархија. Битола.
ВМкД	Весник на Музејско-конзерваторското друштво на НР Македонија. Скопје.
Внсмм	Втор научен собир на млади македонисти. Ур. Л. Минова-Ѓуркова и др. Скопје. 1995.
Глас Епархије нишке	Глас Епархије нишке. Часопис Епархије нишке. Ниш.
Гласник ИНИ	Гласник на Институтот за национална историја. Скопје.
ГЗбБф	Годишен зборник на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“. Скопје.
ГЗбФлф	Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Скопје.
ГЗбФф	Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Скопје.
Годишњак ПФВ	Годишњак Педагошког факултета у Врању. Врање.
Градина	Градина. Часопис за књижевност, уметност и културу. Ниш.
Гр.рим. антика	Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот (Прилози од 5-тиот научен собир на Сојузот на друштвата на антички студии на Југославија, одржан во Скопје од 26 до 29 септември 1989 год.). Ур. П. Хр. Илиевски и В. Митевски. ЖА. Посебни изданија бр. 9. Скопје. 1991.
Денес	Денес. Неделник. Скопје.
Документи	Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, т. I: Од населувањето на Словените во Македонија до Првата светска војна. Ур. Х. Андонов-Полјан-ски. Скопје. 1981.

Домострој	Домострој. Списание за православна духовна култура. Скопје.
Епоха Св. Климент Охридски 1	Епоха Св. Климент Охридски. Македонскиот јазик и македонската книжевност од епохата на Св. Климент до епохата на Блаже Конески. МАНУ. Скопје. 2016
Епоха Св. Климент Охридски 2	Епоха Св. Климент Охридски 2. Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. МАНУ. Скопје. 2016.
ЖА/ŽA	Жива Антика/Živa Antika. Скопје.
Жена	Жена. Месечен магазин за жената и семејството. Скопје.
За љубовта	За љубовта: Зборник трудови од Меѓународната научна конференција „За љубовта". Прир. Ј. Мојсиева-Гушева и Е. Џукеска. Оптички диск (ЦД-РОМ). Скопје. 2016.
За душата: Зборник	За душата: Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција одржана од 1-ви до 3-ти јуни 2016 година. Ур. Ј. Мојсиева-Гушева и др. Скопје. 2018.
ЗАм/Зборник Археологија	Зборник на Археолошкиот музеј, потоа Зборник на Музејот на Македонија, археолошки, етнолошки и историски. Скопје.
ЗбФлфУниПришт	Зборник Филолошког факултета Универзитета у Приштини. Приштина.
Зум	Зум. Магазин. Скопје.
Изворник	Изворник. Списание за наука и култура. Струга.
ИМЈ	Институт за македонски јазик „Крсте П. Мисирков". Скопје.
Историја/ Journal of History	Историја: Списание на Сојузот на историските друштва на СР Македонија/Списание на Здружението на историчари на Република Македонија. Скопје.
Историја идеи Македонија	Историја на идеите на почвата на Македонија: Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. Ур. Г. Старделов и др. Скопје.
Историја на медицината	Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество (Зборник трудови од Конгресот одржан во Штип, 5–7 јуни 2008 год.). Одг. ур. Е. Јосимовска. Штип.

Јазиците во контакт	Јазиците во контакт некогаш и денес (Зборник трудови Денови на Благоја Корубин). Јазикот наш денешен кн. XVI. Ред. С. Велковска и др. Скопје.
Јазиците Македонија	Јазиците на почвата на Македонија: Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. МАНУ: Макропроект „Историјата на културата на Македонија“, кн. 3. Ур. С. Јаневски и др. Скопје. 1996.
Јазичната политика	Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик (Зборник трудови од Научниот собир одржан на 30–31 март 2005). Јазикот наш денешен кн. XIII. Ред. С. Велковска и др. Скопје. 2006.
ЈогаЗдрХар	Јога, здравје и хармонија. Јога сојуз на Македонија. Скопје.
КЖ	Културен живот: Списание за култура, уметност, општествени прашања. Скопје.
Кирилометодиевистика	Кирилометодиевистика. Скопје.
Кл. образование	Класическото образование в контекст. Сборник од Международна научна конференция на катедра „Класическа филология“ 2006 г. Съст. В. Герджикова и Е. Маринова. София. 2012.
КлБаПа	Класика, балканистика, палеославистика. Материјали од Научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски. Ур. акад. З. Тополињска и др. МАНУ, Скопје, 2007.
Климент Охридски	Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета (материјали од Научниот собир одржан во Охрид од 25 до 27 септември 1986 год.). Ур. М. Матевски и др. Скопје.
Књижевна критика	Књижевна критика. Београд.
ЛЗб	Литературен збор. Списание на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература. Скопје.
Мак. јазик XIX век	Македонскиот јазик во XIX век, по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев (зборник од реферати поднесени на Научниот собир по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев). Ред. М. Миовски и др. Скопје. 1996.

Македонија	Македонија. Илустрирана ревија за иселениците од Македонија, списание на Матицата на иселениците од Македонија. Скопје.
Македонија денес	Македонија денес. Весник на демократската јавност. Скопје.
Македонија и соседите	60 години Институт за историја (Зборник трудови од Меѓународната научна конференција „Македонија и соседите“, одржана на 8–9.XII 2006 во Скопје). Ред. М. Манојловски и др. Скопје. 2010.
Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици	Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици. Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција одржана на 21 и 22 ноември 2013 година во Скопје.
Македонски фолклор	Македонски фолклор. Списание на Институтот за фолклор. Скопје.
Македонскиот јазик	Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина (Реферати од Научниот собир по повод одбе-ле-жувањето на 50-годишнината од основањето на Институтот за македонски јазик). Ред. Л. Мака-ријоска и др. Посебни изданија на ИМЈ кн. 54. Скопје. 2008.
Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања	Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања одржана на 13 и на 14 ноември 2019 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.
Македонско наследство /Macedonian Heritage	Македонско наследство. Списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија. Скопје.
Македонско-хрватски врски	Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски (Зборник трудови од IV Меѓународен научен собир, одржан во Охрид, 27–29 септември, 2013 год.). Ур. М. Јакимовска-Тошиќ. Скопје. 2014.
МакМеѓСем XLVI	Зборник на трудови од XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународ-ниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 23 и 24 август 2019. Скопје. 2020.

МакМеѓСем XLVII	Зборник на трудови од XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 и 5 септември 2020. Скопје. 2021.
МакМеѓСем XLVIII	Зборник на трудови од XLVIII меѓународна научна конференција на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 3 и 4 септември 2021. Скопје. 2022.
МакНумГл /MacNumJour	Македонски нумизматички гласник/Macedonian Numizmatic Journal. Издание на Музејот на Македонија. Скопје.
Меѓународен мак.собир	Меѓународен македонистички собир (Реферати од Научниот собир одржан од 29 до 31 август 2008 год. во Охрид во рамките на манифестацијата 2008 – Година на македонскиот јазик). Ред. М. Каранфиловски и др. Скопје. 2010.
Метаморфози	Метаморфози и метатекстови: Зборник трудови од Научната работилница одржана на 11.V 2007. Прир. В. Томовска и В. Мартиновски. Скопје. 2008.
Мираж	Мираж. Електронско компаратистичко списание. Скопје. (http://mirage.com.mk)
Мит и драма: Ссовремени толкувања	Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Мит и драма: Современи толкувања“ одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, 29–30 ноември 2024 г.
МЈ	Македонски јазик. Скопје.
Млада Србија	Млада Србија. Недељник. Београд.
Многолетна писања сабрасмо у једно	Многолетна писања сабрасмо у једно: Тематски зборник посвећен професору Драгиши Бојовићу. Ниш. 2024.
Монетите	Монетите и монетоковниците во Македонија (Зборник трудови од Симпозиумот одржан по повод 80 години од животот и 50 години наставна и научна дејност на академик Ксенте Богоев, МАНУ 1.VI 2001 год.). Ур. Ц. Гроздановв. Скопје. 2001.
Музејски гласник	Музејски гласник. НУ Музеј Куманово. Куманово.

Настава и наука	Зборник радова са Научног скупа „Настава и наука у времену и простору“. Ур. Ж. Миленовић и С. Башчаревић. Лепосавић. 2015.
Наше писмо	Наше писмо. Весник на независните писатели. Скопје.
НДиск/НКонф	Научна дискусија (до 2001, потоа Научна конференција) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје.
НКонф/НДиск	Научна конференција (од 2001, пред тоа Научна дискусија) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје.
Нова Македонија	Нова Македонија (весник). Скопје.
Одисеи	Одисеи за Одисеја: Зборник трудови од Научната работилница одржана на 1.VI 2009 година. Прир. В. Томовска и В. Мартиновски. Скопје. 2010.
Око	Око. Македонска ревија за литература. Скопје.
ОнПрил	Ономатолошки прилози (Contributions onomatologiques). САНУ. Београд.
Пајонија и Пајонците	Пајонија и Пајонците: Извори, историја, археологија. Ур. А. Јакимовски, А. и В. Саракински. Скопје. 2022.
Палимпсест	Палимпсест. Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања. УГД. Штип.
Патримониум/Патримониум.МК	Патримониум//Патримониум.МК. Списание за културно наследство. Скопје.
ПД	Просветно дело. Списание за педагошки прашања. Скопје.
Пелагонитиса	Пелагонитиса. Списание за православна вера, култура, образование и уметност. Битола.
Плат.Акад.	Зборник текстови од Меѓународната научна конференција одржана по повод 2400 години од основањето на Платоновата академија. Ур. В. Георгиева и др. Скопје. 2016.
Пнсмм	Прв научен собир на млади македонисти. Ред. Л. Минова-Ѓуркова и др. Скопје. 1993.
Поимник	Поимник на книжевната теорија. Прир. К. Ќулавкова. Скопје. 2007..
Поимник, второ издание	Поимник на книжевната теорија. Приред. К. Ќулавкова, Скопје, 2021.

Портал	Портал. Гласник на Македонски духовни конаци. Скопје.
ППМАНУ	Пристапни предавања, прилози и библиографија на новите членови на Македонската академија на науките и уметностите. Скопје.
Предавања МСМЈЛК	Предавања на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје.
Прилози ДНУ	Прилози на Друштвото за наука и уметност. Битола.
Прилози МАНУ/ОЛЛН	Прилози = Contributions. Македонска академија на науките и уметностите. Одделение за лингвистика и литературна наука. Скопје.
Прилози МАНУ/ООН	Прилози = Contributions. Македонска академија на науките и уметностите. Одделение за општествени науки. Скопје.
Примењена лингвистика	Примењена лингвистика. Београд – Нови Сад.
Прличев1986	Животот и делото на Григор С. Прличев (Зборник трудови од Симпозиумот посветен на животот и делото на Григор Прличев, одржан од 10 до 11 мај 1985 год. во Скопје). Ред. Б. Конески и др. Скопје. 1986.
Прличев1994	Животот и делото на Григор Прличев (Зборник трудови од Научниот собир одржан во Скопје на 21 и 22 април 1993 год.). Ур. А. Спасов и др. Скопје. 1994.
Просветни преглед	Просветни преглед. Београд.
Разгледи	Разгледи. Списание за уметност, култура, наука и општествени прашања. Скопје.
Религиите Македонија	Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија. МАНУ: Макропроект „Историјата на културата на Македонија“, кн. 4. Ур. Г. Старделов и др. Скопје. 1996.
Реферати	Реферати на македонските слависти за меѓународните славистички конгреси. Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија. Скопје.

Свети краљ Милутин и његово доба	Свети краљ Милутин и његово доба – историја, књижевност, уметност: Тематски зборник Међународног научног скупа „Краљ Милутин и доба Палеолога: Историја, књижевност, културно наслеђе“, Скопље, 24–26. октобар 2021.
Свети Наум Охридски	Свети Наум Охридски и словенската духовна, културна и писмена традиција (Зборник трудови од Меѓународниот научен собир организиран по повод 1100-годишнината од смртта на Св. Наум Охридски, одржан во Охрид, 4–7 ноември 2010). Ур. И. Велев и др. Скопје. 2011.
Свети цар Константин	Зборник радова са Међународног научног скупа „Свети цар Константин и хришћанство“, том 2. Поводом 1700-годишњице Миланског едикта. Ур. Д. Бојовић и др. Ниш. 2013.
Светиклиментово слово	Светиклиментово слово: Црковен алманах. Охрид.
Синтези	Синтези. Македонски книжевен гласник. Скопје.
Систасис/Systasis	Систасис/Systasis. Електронско списание на Здружението на класични филолози „Антика“. Скопје (http://www.systasis.org).
Славистички студии	Славистички студии. Списание за русистика, полонистика и бохемистика. Скопје.
СлФл	Славянская филология. София.
Смешното	Сите лица на смешното (од антиката до денес): Зборник трудови од Научната работилница одржана на 11.V 2012. Прир. В. Томовска и В. Мартиновски. Скопје. 2013.
Современост	Современост. Списание за литература, култура и уметност. Скопје.
Спектар/Spectrum	Спектар. Меѓународно списание за литературна наука. Скопје.
Стожер	Стожер. Весник на Друштвото на писателите на Македонија: Месечник за литература, култура и уметност. Скопје.
Стремеж	Стремеж. Списание за литературни, културни и општествени прашања. Прилеп.
Студентски збор	Студентски збор. Скопје.
Студии Стоби	Студии за старините на Стоби. Национална установа Стоби. Градско.

Теории и методи	Ареална лингвистика – теории и методи (Материјали од Научниот собир по повод петгодишнината од смртта на Божидар Видоески). Ур. З. Тополињска и др. Скопје. 2005.
Тнсмм	Трет научен собир на млади македонисти. Ур. Ж. Цветковски и др. Скопје. 1997.
Транзициите	Транзициите во историјата и културата (Зборник трудови од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30–31 октомври 2006). Ур. Т. Чепреганов и др. Скопје. 2008.
Трета програма	Трета програма (избор од емитуваните содржини на Третата програма на Радио Скопје). Скопје.
Утрински весник	Утрински весник. Дневен весник. Скопје.
ФИЛКО 3	ФИЛКО 3: Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „ФИЛКО“, одржана на 26–27 април 2018. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Воронешки државен универзитет. Штип. 2018.
ФИЛКО 5	ФИЛКО 5: Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „ФИЛКО“, одржана на 8–9 октомври 2020. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Воронешки државен универзитет. Штип. 2021.
Филозофија	Филозофија. Филозофско списание. Скопје.
Филозофска трибина	Филозофска трибина. Скопје.
Филолошки студии/ Philological studies	Филолошки студии. Скопје – Перм – Љубљана – Загреб – Белград.
Форум	Форум. Магазин. Скопје.
Хоризонти	Хоризонти. Научно списание. Битола.
Христофор Жефарович и неговото време	Христофор Жефарович и неговото време. Материјали од Вториот научен собир во чест на покровителите и заштитниците на градот Струмица – св. петнаесет тивериополски свештеномаченици, одржан во Струмица на 5 и 6 декември 2019 година. Ур. В. Ѓоргиев-Ликин et al., Струмица.
Хуманистичкото образование	Хуманистичкото образование на универзитетите во Република Македонија. Ур. Ј. Кепеска и др. Скопје. 2003.
Црквене студије	Црквене студије. Годишњак Центра за црквене студије. Ниш.
Црковен живот	Црковен живот. Весник на Македонската архиепископија. Скопје.

Латинични скратеници

AAntH	Acta Antiqua Academiae Scientiarum Hungaricae. Budapest.
Acta Mycenaea	Acta Mycenaea: Proceedings of the Fifth International Colloquium on Mycenaean Studies (Held in Salamanca, 30 March – 3 April 1970). Vol. I-II. Ed. M.S. Ruipérez. Salamanca. [1971] 1972.
Ad memoriam Petruševski	Ad perpetuam memoriam Michaelis D. Petruševski (Proceedings of the International Conference – '100th Anniversary of the Birth of Professor Mihail D. Petruševski'). Ed. P. Hr. Ilievski et al. [ŽA: Monographs No 10]. Skopje. 2012.
Aeternitas	Aeternitas antiquitatis: Proceedings of the Symposium Held in Skopje, August 28th as part the 2009 Annual Conference of Euroclassica). Ed. V. Sofronievski. Skopje. 2010.
Along Clio's ways	Along Clio's ways... Topical Problems of Modern Historical Science. Koper.
Analele Universităţii Ovidius din Constanţa	Analele Universităţii Ovidius din Constanţa – Seria Istorie, stiinte politice, relatii internationale si studii Europene, studii de securitate.
ANUBiH	Akademija nauka i umetnosti Bosne i Hercegovine. Sarajevo.
Arheološki vestnik	Arheološki vestnik. Inštitut za arheologijo. ZRC SAZU. Ljubljana.
Atti Primo Congresso	Atti e memorie del 1° Congresso internazionale di Micenologia (Roma, 27 settembre – 3 ottobre 1967). Ed. C. Gallavotti. Roma. 1968.
Atti Secondo Congresso	Atti e memorie del secondo Congresso Internazionale di Micenologia (Roma – Napoli, 14–20 ottobre 1991). Ed. E. De Miro et al. Roma. 1996.
Aula	Aula: Потрага по богатството на јазикот, мислата и културата: Зборник во чест на Маргарита Бузалковска-Алексова по повод пензионирањето. Ур. В. Димовска-Јањатова и Е. Џукеска. Скопје. 2018. (https://www.systasis.org/pdfs/posebni/zbornik5_cel.pdf). (https://www.systasis.org/pdfs/posebni/zbornik5_cel.pdf).
Balkan Forum	Balkan Forum. An International Journal of Politics, Economics and Culture. Skopje.
Balkanistica	Balkanistica. A Journal of Southeast European Studies. Oxford. Mississippi.

Balcanistic Forum	Balkanistic Forum. Edition of the "Seminar for Balkan Studies and Specialization". South-Western University "Neofyt Rilski". Blagoevgrad.
BCH	Bulletin de correspondance hellénique. École française d'Athènes. Paris.
Colloquia Humanistica	Colloquia Humanistica. Interdisciplinary journal of humanities of the Institute of Slavic Studies of the Polish Academy of Sciences. Warsaw.
Colloquium Mycenaeum	Colloquium Mycenaeum: Actes du sixième colloque international sur les textes mycéniens et égéens tenu à Chaumont sur Neuchâtel du 7 au 13 septembre 1975. Ed. E. Risch et H.Mühlestein. Neuchâtel – Genève. 1979.
Chronos и Kairos – античките концепти за времето	Chronos и Kairos – античките концепти за времето: Зборник на текстови од Симпозиумот одржан на 25 февруари 2015 година во организација на Филозофското друштво на Македонија и Здружението на класични филолози „Антика“. Ур. А. Димишковска и Д. Тошева. Скопје. 2017.
Docendo	Docendo discimus: Развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици. Ред. В. Димовска и др. Скопје. Систасис. Посебни изданија бр. 1. 2008.
Eckermann	Eckermann. Web časopis za književnost.
EJST	European Journal of Science and Theology. Romania. (http://www.ejst.tuiasi.ro)
Exegi monumentum aere perennius	Exegi monumentum aere perennius. Зборник во чест на Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска, по повод 85 години од нивното раѓање. Ур. В. Димовска-Јањатова и Д. Тошева. Систасис. Посебно издание V.
Filologija	Filologija: časopis Razreda za filološke znanosti Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti. Zagreb.
Floreant	Floreant Studia Mycenaea. Akten des X. Internationalen Mykenologischen Colloquiums in Salzburg vom 1–5 Mai 1995. Ed. S. Deger-Jalkotzy et al. Wien. 1999.
Folia ArchBalk	Folia Archaeologica Balkanica. Филозофски факултет – Скопје. Институт за историја на уметноста и археологија. Скопје.
Folia Onomastica Croatica	Folia Onomastica Croatica: Znanstveni časopis za onomastiku Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti. Zagreb.

Godišnjak ANUBiH	Godišnjak Akademije nauka i umetnosti Bosne i Hercegovine. Centar za balkanološka ispitivanja. Sarajevo.
Haemus	Haemus. An electronic journal for the history and archaeology of the Balkan peninsula. Skopje. (http://haemus.mk).
Horizons	Horizons – International Scientific Journal (HISJ). Annual, peer-reviewed, open-access journal dedicated to multi- and interdisciplinary research, published by the University "St. Kliment Ohridski" – Bitola.
Hrvatsko-makedonske veze	Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze: Zbornik radova s Međunarodnog znanstvenog skupa Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze održanog u Rijeci od 23. do 25. ožujka 2011. Knj. 3. Ur. G. Kalogjera i V. Tocinovski. Rijeka. 2011.
Hrvatsko-makedonske veze V	Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze: Zbornik radova s Međunarodnog znanstvenog skupa Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze održanog u Rijeci od 6. do 7. listopada 2017. Knj. 5. Ur. D. Durić i S. Zubčić. Rijeka. 2019.
Humanitas consolatur	Humanitas consolatur, eds. L. Krešić Nacevski and V. Sarakinski. Skopje. 2025.
